| | | |
|---|---|---|
| Метали | 2,6% | |
| Опасен отпад | 0,2% | |
| Композити | 2,2% | |
| Комплексни производи | 0,3% | |
| Инертен отпад | 3,6% | |
| Други категории | 3,6% | |
| Ситни делови | 30,9% | |
| **Вкупно** | **100%** | |

**2. Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад на општина Босилово (2017 – 2022 година)**

- Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;
- Создавање на услови за регионално управување со отпадот во Југоисточниот плански регион во кој спаѓа и општина Босилово, селекција на отпадот и негово рециклирање во регионалната депонија.
- Компостирање на биоразградливиот отпад;
- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.

**3. Начин на работа на ЈПКД „Огражден„ – Босилово за отстранување на отпадот**

- ЈПКД „Огражден„ – Босилово и во 2019 година ќе продолжи да врши собирање на комуналниот отпад од населените места во општина Босилово со камион и трактор со приколка. Комуналниот отпад ќе се собира комплетно во десет населени места (физички и правни лица) додека во останатите населени места отпадот ќе се собира само од правни лица.

- Отпадот што се собира со трактор и приколка се депонира на прифатилиштата за комунален отпад што постојат во населените места во општината.

- Поради зголеменото количество на комунален отпад се јавува потреба од дополнително зголемување на бројот на садовите за собирање и транспортирање на комунален отпад (метални контејнери со зафатнина од 1,1 м3).